Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-351/6
06-07-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-351/1 од 10.05.2023 година, поднесена од [redacted] од Куманово, преку полномошник Адвокатско друштво [redacted] од Скопје, со седиште на ул. [redacted] во Скопје, за сторена дискриминација врз основа на општествен и личен статус, во областа на работата и работните односи, од страна на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, со седиште на ул. "Димче Мирчев", број 9 во Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20) на 04.07.2023 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на општествен и личен статус во областа на работата и работните односи, од страна на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија кон лицето [redacted] од Куманово.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 10.05.2023 година поднесена е претставка со архивски број 08-351/1, од страна на подносителот [redacted] од Куманово, преку полномошник Адвокатско друштво [redacted] од Скопје, а против Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија за сторена дискриминација врз основа на општествен и личен статус, во областа на работата и работните односи.

### I.

Според наводите изнесени во претставката, подносителот истакнува дека кај него постои сомнеж дека Министерството за внатрешни работи (во понатамошниот текст: МВР) сторило директна повторена дискриминација врз основа на општествен и личен статус на работникот, лицето [redacted] од Куманово, односно статус на осомничен со што се доведува во прашање правото на еднаквост, односно еднаков третман на работникот кое е загарантирано со Уставот на Република Северна Македонија. Имено, според подносителот во 2009 година работодавачот, во случајов Министерство за внатрешни работи, сторило директна дискриминација врз основа на личен и општествен статус на работникот-[redacted] од Куманово и донело

Решение со кое на работникот му го откажал договорот за вработување поради фактот што работникот имал статус на осомничен дека сторил кривично дело. Подносителот посочува дека статусот на осомничен, а не постоењето на основана причина за отказ е основ за незаконитиот престанок на работниот однос дотолку повеќе што отказот е даден без утврдена вина за дисциплински прекршок, отказот е без законско овластување, без основана причина и без отказен рок. Имено, како подносителот наведува, работодавачот го спречил работникот да го ужива правото на отказен рок од причина што во Колективниот договор на МВР е предвидено дека кога на работникот му е изречена мерка притвор нема право на отказен рок. Поконкретно во Колективниот договор на МВР предвидено е дека во случај на кршење на работниот ред и дисциплина и кога на работникот по поднесена кривична пријава му е одредена мерка притвор, непосредно до Министерот за внатрешни работи се доставува предлог заради донесување на решение без водење на постапка пред Комисија за отказ.
Воедно во претставката подносителот истакнува дека [redacted] од Куманово е повторено и потврдено директно дискриминиран со повторен незаконит престанок на работниот однос во 2022 година кој отказ произлегува од повторена судска постапка за фактичка состојба која се однесува на 2009 година кога работникот бил со статус на осомничен, како општествен и личен статус кој го имал работникот во тој момент.

II.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) соодветно се обрати до потенцијалниот дискриминатор Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија со Барање за произнесување број 08-351/2 од 16.05.2023 година по кое е доставен Одговор број 22.6.65387/1 од 05.06.2023 година во кое се наведува дека наводите во предметната претставка се во целост неосновани од причина што целокупната постапка со која му е откажан договорот за вработување во МВР на подносителот на претставката [redacted] од Куманово, е во согласност со донесени судски пресуди.
Имено, на [redacted] со решение бр. 19.4.1-59469/1 од 16.09.2009 година му бил откажан договорот за вработување во МВР, против кое поднел тужба која е уважена со Пресуда на Основен суд Куманово 2РО.бр. 72/12 од 17.01.2013 година и потврдена со Пресуда на Апелационен суд Скопје РОЖ.бр.444/13 од 30.05.2013 година. Постапувајќи согласно напатствија во овие пресуди, именуваниот бил вратен на работното место во МВР со решение број 22.5-57684/1 од 20.09.2013 година. Понатаму, во повторена постапка од 02.04.2019 година, Основниот суд Куманово донел Пресуда ПРО-800/2018 од 09.04.2019 година со која тужбеното барање на [redacted] од Куманово за поништување на решението за откажување на договорот за вработување бр. 19.4.1-59469/1 од 16.09.2009 година го одбил како неосновано. Со Пресуда РОЖ-1380/19 на Апелационен суд Скопје од 22.12.2021 година, Пресудата на Основен суд Куманово ПРО-800/2018 од 09.04.2019 година е потврдена. Врз основа на наведеното, од страна на министерот за внатрешни работи донесено е решение бр.

22.6-96490/1 од 29.09.2022 година со кое на [redacted] од Куманово на работно место Помошник командир на Полициска станица за гранични проверки Меѓународен Аеродром Скопје, а со наредба задолжен да извршува работи и задачи од работно место Командир во Полициска станица за гранични проверки Меѓународен Аеродром Скопје, Регионален центар за гранични работи Север, Биро за јавна безбедност при МВР, му се откажува договорот за вработување. Ова решение не му е врачено на именуваниот од причина што користел годишен одмор и боледување. По добиено известување дека работникот се вратил од боледување, а со оглед дека поминал подолг временски период од донесувањето на решението, било донесено ново решение бр. 22.6-123235/1 од 12.12.2022 година согласно наведените пресуди, со кое на Далибор Трајановиќ му се откажува договорот за вработување во МВР, сметано од 12.12.2022 година. Во ова решение, во точка 2 е наведено дека претходнодонесеното решение со број 22.6-96490/1 од 29.09.2022 година се поништува од причина што не му е врачено на именуваниот.

Против решението бр. 22.6-123235/1 од 12.12.2022 година [redacted] од Куманово поднел приговор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен која донела решение РО.бр. 0901-261 од 02.02.2023 година со кое приговорот го одбива како неоснован. Согласно известување доставено од раководител на Полициска станица за гранични проверки Меѓународен Аеродром Скопје ова решение не му е врачено на именуваниот од причина што не можеле да стапат во контакт со него, па со акт бр. 22.17-1196/1 од 25.05.2023 година истото е доставено до полномошникот на [redacted] Адвокатското друштво [redacted] од Скопје.

III.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација исто така се обрати до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, со Барање за известување бр. 08-351/3 од 26.05.2023 година, со кое побара да биде известена за постапката и одлуката по Приговорот поднесен од страна на [redacted] од Куманово, преку полномошник Адвокатско друштво [redacted] од Скопје, против решение бр. 22.6-123235/1 од 12.12.2022 година, донесено од МВР. По ова Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен достави Известување бр. 1004-435/2 од 08.06.2023 година со кое извести дека на седница на Комисијата одржана на 02.02.2023 година донесено е Решение бр. РО.бр.0901-261 со кое поднесениот приговор го одбила како неоснован и истото го достави во прилог на известувањето. Во решението е констатирано дека на 16.09.2009 година со Решение 19.4.1-59469/1 на полицискиот службеник [redacted] од Куманово, по претходно водена дисциплинска постапка за кршење на работниот ред и дисциплина, му бил откажан договорот за вработување во МВР. Заштитата на своите права именуваниот ја барал пред надлежните судови па откако биле исцрпени сите правни лекови, а судските постапки завршени со правосилни

пресуди, [redacted] од Куманово бил вратен на работа во МВР. Меѓутоа, ценејќи дека во дисциплинскиот престап на полицискиот службеник има и елементи на кривична одговорност, од страна на МВР била процесуирана кривична пријава поради постоење на основано сомневање дека именуваниот сторил кривично дело “Земање поткуп” и “Злосторничко здружување”, предвидени со Кривичниот Законик. По ова донесена е Пресуда на Основен Суд Скопје 1 Скопје КОК бр. 10/11 од 05.06.2014 година со која именуваниот е осуден и изречена му е алтернативна мерка-Условна осуда. Оваа Пресуда е потврдена со Пресуда КОКЖ.бр. 95/14 од 02.03.2015 година на Апелационен суд Скопје.

Земени предвид наведените осудителни пресуди, МВР против Пресуда РО.бр.72/12 од 17.01.2013 година и Пресуда РОЖ.бр. 444/13 од 30.05.2013 година на Основен суд Куманово, вложило вонреден правен лек–Предлог за повторување на правосилно завршена постапка по што Основен суд Куманово повторно го разгледал тужбеното барање на [redacted] за поништување на решение за откажување на договор за вработување по што донел Пресуда IIРО-800/2018 од 09.04.2019 година со која истото овој пат го одбил како неосновано. Ова од причина што од изведените докази судот утврдил дека полицискиот службеник [redacted] постапил спротивно на правилата и прописите на Министерството за внатрешни работи. Оваа Пресуда е потврдена со Пресуда на Апелационен суд Скопје РОЖ-1380/19 од 22.12.2021 година.

IV.

Во член 70 став (2) од Закон за работните односи (“ Службен весник на Република Македонија”, број 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија”, број 110/19, 90/20, 113/20, 267/20, 151/21 и 288/21 ) е уредено дека *во случаите определени со закон, договорните страни можат да го откажат договорот за вработување без отказен рок*. Со член 76 став (1) алинеја 2 се уредува дека *работодавачот може на работникот да му го откаже договорот за вработување, кога не е можно продолжување на работниот однос, ако работникот ги крши договорните обврски или други обврски од работниот однос (причина на вина)*. Член 82 од овој закон ја предвидува можноста за откажување на договорот за вработување без отказен рок, а во став (2) од истиот член се предвидува дека *со закон и колективен договор може да се утврдат и други случаи на кршење на работниот ред и дисциплина и на работните обврски за кои работодавачот го откажува договорот за вработување без отказен рок.*

Согласно член 170 од Законот за внатрешните работи („Службен весник на Република Македонија“, бр.42/14, 116/14, 33/15, 5/16, 127/16, 142/16, 190/16, 21/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија”, бр. 108/19, 275/19, 110/21 и 89/22), *откажување на договор за вработување во Министерството може да се врши заради утврдена дисциплинска одговорност на работникот согласно овој закон, како и во други случаи утврдени со овој и посебен закон.* Со член 187 од овој закон таксативно се

утврдени потешките случаи на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски на работникот утврдени со закон, колективен договор, правила и прописи на Министерството и договор за вработување, па *меѓу нив се и ако не ги извршува или несовесно и ненавремено ги извршува работните обврски; постапува спротивно на правилата и прописите на Министерството; го злоупотреби или пречекори даденото овластување и изврши дејствие што претставува кривично дело или изврши дејствие кое претставува прекршок против јавниот ред и мир*. Во член 190 од овој закон, како *една од дисциплинските мерки кои можат да се изречат за потешките случаи на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски е откажување на договорот за вработување.*

Воедно, во Колективниот Договор на Министерство за внатрешни работи ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 149/21, 299/21, 303/21 и 32/22), поконкретно во член 216 од истиот, уредено е дека *доколку на работник во Министерството поради потешки случаи на кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски му биде изречена дисциплинската мерка откажување на договорот за вработување, работникот има право на отказен рок, во траење од еден месец од денот на врачувањето на решението за откажување на договорот за вработување, ОСВЕН во случаите од членот 210 точка 1 од овој Колективен договор, како и во случаите кога на работникот му е изречена мерка притвор.*

V.

Имено, согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, *се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа,* додека пак во член 6 јасно е дефинирано дека *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.*

Врз основа на увидот во сите поднесени докази во врска со предметната претставка за заштита од дискриминација, утврдената фактичка состојба, земени предвид одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација, како и природата и степенот на сложеност и сериозност на работните задачи на вработените во Министерството за внатрешни работи, Комисијата за спречување и заштита од

дискриминација во конкретниот случај не најде дека врз лицето [redacted] од Куманово е сторена дискримнација од страна на Министерството за внатрешни работи, а врз основа на личен и општествен статус во областа на работата и работните односи. Имено, сите погорецитирани законски одредби со кои се уредуваат правата и обврските кои произлегуваат од работниот однос, важат за сите вработени подеднакво.

Предвид наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
04.07.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- Архива
- [redacted]
- Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул. "Димче Мирчев", број 9, Скопје